**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Деведесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 4 јануари 2008 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,20 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците кои сеуште не влегле во слата, да влезат и да си ги заземат своите места, продолжуваме со седницата.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Дами и господа пратеници, ја отворам Деведесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците, Трајко Вељановски, Иван Стоиљковиќ, Илинка Митрева, Весна Бендевска, Јани Макрадули, Лазар Китановски, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Верица Филипова, Љубчо Георгиевски, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Хазбије Ибиши, Али Ахмети, Фазли Велију, Зумрете Јакупи, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме на едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутни пратеници во салата.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието, и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети Претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Согласно договорот со координаторите на пратеничките групи дневниот ред на оваа седница се дополнува со Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Ирак.

Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за буџетите, со Предлог на закон.

Предлог на закон за ПТТ услуги и

Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата, со Предлог на закон кој е повлечен од дневниот ред на 93-та седница на Собранието на Република Македонија.

Предлагам дневниот ред на оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, од кои за гласале 68, воздржани нема и против 1.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

1.Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Ирак.

2.Предлог на закон за изменување на Законот за буџетите, со Предлог на закон.

3.Предлог на закон за ПТТ услуги и

4.Предлог за донесување на закон за политичките партии, со Предлог на закон.

5.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на законот за Буџет, со Предлог на закон.

6.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата, со Предлог на закон.

Предложениот денвен ред го ставам на гласање.

Вкупно гласале 69 пратеници од кои 68 гласале за, воздржани нема и против 1.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точката 1 - Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Ирак.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор.

За збор се јави заменикот министер за одбрана.

**Илјаз Халими:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници заради дополнително укажана потреба од зголемување на бројот на учесниците во мировната операција Ирак се наметна потребата од доенсување на Одлука за изменување на Одлуката од 30 ноември 2007 година донесена од Собранието на Република Македонија, при што составот на механизираниот пешадиски вод се зголемува за 4 припадници односно наместо 32 се зголеми бројо тна 36 припадника, а по структурата изнесува вака: 2 офицери, 7 подофицери и 27 професионални војници од постојниот состав на Армијата на Република Македонија.

Се работи за една мала измена на одлуката и тоа во точката 1 алинеја 2 која се менува и гласи: како што ги спомнав овие потреби за измени на Одлуката.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господин заменик министер.

За збор се јави господинот пратеник Есад Рахиќ, повелете.

**Есад Рахиќ:** Почитуван претседателе, почитувани претставници на извршната власта, драги колеги пратеници,

Пред нас е Предлог одлуката за дополнување на Одлуката за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество во

мировната операција во Ирак. Да го цитирам мојот колега Жерновкси кој вели “како покана за свадба секогаш стигаат штури информации, само се променува името на тие што се викаат на свадба”. Мислам дека е коректно почитуван заменик министер бидејки и минатиот пат кога расправавме за оваа тема јасно реков до сите мои колеги дека неспорна е нашата позитивна одлука и дека секогаш ќе ги подржуваме овие одлуки да се испраќаат нашите војници во Ирак, Авганистан, секаде каде што треба, затоа што тие се најдоброто нешто што може Македонија да го понуди. Меѓутоа, праќање само на војници, голо праќање без завршување дел на реформите тука и тоа не оди. Ако наш влез за НАТО се само војниците што ги праќаме во странските мисии тогаш мислам дека не сме на добар пат. Пред да гласам за сакам да кажам која е мојата забелешка и мене ми е криво што не е тука министерот.

Прво, сметам дека пред да гласам за оваа пракса на политика на балканска крчма треба да заврши, она Крлежа што го пишуваше во своите романи, договарањето во Клубот на пратеници, договарања на Илинденска без пратениците односно институциите на Собранието и пратениците на Собранието да гопоминат ова за мене не е нормално. Не може Комисијата за безбедност на Собранието ни еднаш да не расправа, да не даде амин за испраќањето на војската во мисијата за Авганистан да не биде поминато. Со сиот почит и респект, ние имаме донесено Одлука,имаме донесено Закон дека по влегувањето на Република Македонија Владата ќе одлучува дали ќе испраќа или не но стрпете се, стрпете се до април додека да добиеме покана, стрпете се до Вашинктон 2009 година и тогаш вие праќајте ги војниците. Тоа е една работа. Значи, требаше да помине низ Комисијата. Вчера беше тука министерот за одбрана, можеше да каже претседателот на Комисијата за одбрана, господинот Ѓорчев да свикаше Комисија и денеск ание ќе го аминувавме. Тоа е функционална демократија, тоа е начин како се работи во светот. Нема нашите сојузници да ни замерат ако ние во Парламентот ја почитуваме процедурата. Тоа е првата работа.

Втора работа, јас со вас разговарав и вие ми ветивте, разговарав и со министерот Еленовски дефинитивно секоја фирма во Република Македонија, секое семејство на крајот на годината прави завршна сметка. Треба и вие како Министерство за одбрана да излезете со завршна сметка, да кажете што оваа година сте направиле во делот на реформите и во делот на испраќањето на нашите војници во Ирак, Авганистан, Босна и во Либан, затоа што треба прво пратениците и македонската јавност да знаат каде што сме испратиле, што сме завршиле,колку тоа ги чинело, и тогаш ние ќе покажеме дека навистина постои систем и функционира оваа работа овде. Ако е така тогаш соберете овде ќе направиме еден вод на специјалци, од овие што поднесуваа најмногу амандмнаи, ќе ги пратиме нив во Ирак и кога ќе ги нападнат теротистите со амандмнаи тие ќе се откажат од се. Дајте да направиме еднаш ова д апрофункционира. Не можеме на време да почнеме да работиме Владата и текнало на договор да пушти амандмани, договоро тне важи, така ли му покажуваме на народот што работиме. После ќе излезе дека на 2 јануари не работиме затоа што на пратениците не им се работело.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господинот заменик министер има збор, повелете.

**Илјаз Халими:** Не треба со нервоза овде да се дискутира, ова е многу битна и важна работа.

Во Министерството за одбрана и во Армијата на Република Македонија не е точно дека не се прават реформи, како што истакна пратеникот, затоа што ние сакаме преку испраќање на наши единици во мировни операции на некој начин да ги заобиколуваме неизвршените реформи. Напротив паралелно работиме и во други области, во Армијата ги правиме реформите, а исто така и ова е една наша обврска, затоа што веќе сме декларирани дека сме спремни да испраќаме наши единици кои заедно со мултинационалните сили учествуваат во овие мировни операции и нашиот придонес таму многу добро се оценува и од страна на структурите на НАТО.

Второ, што се однесува до состаноците на Комисијата за одбрана и безбедноста не е наша задача да одредуваме таа Комисија кога ќе се состанува и кога ќе расправа за нашите предлози на одлуки кои се важни за Министерството за одбрана или самата Влада. Значи, ние сме го доставиле материјалот, така што тоа е работа на Собранието дали ќе свика седница на Комисијата за одбрана и безбедност.

Што се однесува до извештајот за тоа што се работи таму имате право, ние во секој момент сме спремни да ве информираме за сета наша работа односно нашите единици кои се надвор од државата во мировни операции. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Рахиќ повелете три минути за вашата реплика.

**Есад Рахиќ:** Почитуван заменик министер јас не сум нервозен, туку сум возбуден Нова година, елка, Божиќ, лампиони, убав амбиент, евроспки закони, идеме нарпед. Тоа е една работа.

Втора работа јас немам кристална кугла или графчиња да гледам што вие правите во Министерството за одбрана.

Трета работа мене ми е жал што претседателот на Комисијата за одбрана и безбедноста нема време од партиски ангажман да ја свика оваа Комисија, затоа што јас кога бев претседател, беше и господинот Петковски во претходниот период, секогаш на крајот на годината доаѓаа началникот на Генерал штабот и минситерот за одбрана и кажуваа за тоа што е сработено. Затоа Република Македонија ги доби тие

позитивниоценки не само во делот на реформите, туку и во делот на транспарентноста.

Она што вие успеавте да го направите, јас можам да ви кажам со целиот почит и респект и почит на вас успеавте службата за безбедност на Армијата да ја претворите во хармоникашки сектор, во музикална  музичка опција. Ги праќате нашите војници без соодветна орпема, така да таа приказна дека реформите се вршат не само кај вас, немојте да ме разберете погрешно, туку и во Министерството за внатрешни работи и во сите сегменти се вршат само на хартија. Се носат закони кои што не се остваруваат. Вие како заменик минситер имате право и можност самите да побарате на Комисијата, затоа што на таа Комисија која што е несоодветна или недоветна, па не знае што и се правата, да побарате да кажете штоточно се сте направиле. Јас се согласувам со вас дека вие работите, ама има фудбалери што слободно интервенираат, трчаат играат фудбал и остануваат да играат во шеста лига. Има играчи што со две години тренирање стануваат Марадона, Роналдинис и сл. Значи треба да знаете точно што работите. Јас се согласувам со вас. Сега ќе гласам за оваа одлука меѓутоа сакам да покажеме дека Република Македонија и сегментите во функционирањето на Република Македонија, во делот на одбраната, Министерството за одбрана е функционално, постојат закони и тие закони и прописи се почитуваат. Така вели и министерката за внатрешни работи - по Устав и по Закон. Сакам она што е ваша обврска ако ние не можеме, не сакам да го прескокнувам претседателот, жив е, поради неговите обврски да дојдете и да референрате, да кажете тоа и тоа направивме, има еднамеханизирана, втора механизирана, декларирана, толку професионални војници, Буџетот е тоа, контролата е тоа, 33, знаете барем како се работи тоа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За збор се јави господин Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик минситер,

Денес уШте една седница за носење на една одлука која што е за измена на Одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Ирак. Мислам дека уште еднаш покажувате несериозност во однос на оваа работа која штопостојано и секогаш само на исти седници во Собранието на Република Македонија, без некој поголеми анализи и без барања кои што ги псотавува Парламентот, а впрочем за кои што вие се обврзувате во одлуките кои што ги носи Парламентот, а вие ги предлагате од страна на Владата во делот на испраќање на војници во меѓународните мисии.

Оваа година или овие две години скоро како ВМРО-ДПМНЕ е на власт освен за испраќање на мисии во мировни операции надвор од Република Македонија ништо друго позначајно не добивме како информација,како анализа во делот на Министерството за одбрана и секогаш се нудат вакви одлуки пред Собранието на Република Македонија, на итни седници. Веројатно се должи на тоа што пдодршката коај што ја има во Собранието на Република Македонија за членство во НАТО и воопшто подршката која што ја даваат граѓаните на Република Македонија за пристап кон НАТО алијансата си земате за право тоа да го правите на несоодветен и несериозен начин. Зошто тоа го говорам.

Ако имате одлука која што е донесена на 30 ноември ис ега се бара нејзина измена, после еден месец на иста таква одлука за испраќање на единици во Армијата на Република Македонија, укажува на тоа дека сте немале сериозен пристап кон ротацијата на војниците, или зголемувањето на контигентот на војската коај се наоѓа во мировната мисија. Тоа е првата работа.

Или вчера, ни понудивте одлука на иста седница доставена од страна на Владата Собранието да ја разгледа што е можно побрзо и вчера министерот утврдил непосредно пред седницата наместо 6 подофицери дека се потребни 7. Тоа не укажува на сериозноста пред се на министерот во однос на водењето на ова Министерство, како и секогаш до сега, не ни понудивте извештај за тоа што и како е сработено со претходната мисија која што вчера се работеше за ЕУФОР Алтеја во Босна, денеска за мировната операција во Ирак. Ова е надополнување на претходна одлука, меѓутоа за ниту една до сега мировна мисија која што е завршена, а за штопостои посебна одредба во одлуката дека Министерството преку Владата е обврзано да достави извештај до Собранието на Република Македонија, тоа апсолутно не се прави.

Од тој аспект мислам дека со право реагираат сите колеги во македонскиот Парламент за да не дозволиме таа подршка која што ја имаат постојано од сите политички партии, вклучително и на СДСМ да се претвори во злоупотреба во делот на нудење на вакви одлуки на Собранието на Република Македонија.

Токму зато амислам дека многу посериозно во Министерството за одбрана треба да се зафатите и во делот на ротациите за сите меѓународни мисии, за кои што не само ние, туку и секој обичен граѓанин на Република Македонија тврди дека тоа е една од најсветлите страни во напредокот на Република Македонија кон членството во НАТО,многу посериозно да ги направиме тие ротации на војници во една нормална постапка во која што би разговарале и на комисии, меѓутоа никако тоа да биде постојано итно, постојано со измени дури и на седница и постојано да не нудите извештај по завршувањето на една таква мисија.

Тоа се барања кои штонеколку пати ги поставуваме на вакви седници на кои што се разговара за одлуки за испраќање на мировни мисии. Ова е многу значајно прашање за

Република Македонија. Многу суштинско. Заради тоа Штоне можеме и тоа како да се согласиме со тоа дека ова е техничка работа во која што сите ние ќе дадем поддршка за промена на една единица вомировна мисија. Многу посериозна, што мислам дека конечно дека и вие од Министерството треба да ја сватите и да ни нудите други предлози, или извештаи зошто,како и на кој начин се трошат средства во Министерството за одбрана, како ги испраќаме нашите војници во мировни мисии, дали се доволно подготвени, дали имаат доволно опрема, или за тоа очекуваме некој друг да ни помогне и т.н. и т.н. Меѓутоа тоа се отворени прашања за кои што и министерот при отворање на вакивте прашања во Собраниетопо некој друг повод посочи дека е спремен да дојде во Собранието и да одговори на сите овие прашања. Него ќе го видиме само на ротација на било која мировна мисија на Република Македонија, ќе помине по 5 минути, ќе каже да се согласувам со сите предлози кои што ги даваат пратениците и едноставно си продолжува се по старо. Еднаш за секогаш запаметете дека обврски коиШто ги преземате во делот на одлуките, пред се во делот на поднесување на извештај до Собранието ќе мора да ги исполните, заради тоа што не сакаме да се доведеме во позиција да вршите злоупотреба на подршката која што ја имаме пред се за Република Македонија во Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За збор се јави господин Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Претседателе, почитуван заменик министер, министри, колеги пратеници,

Јас ќе продолжам заменик министер онаму каде што заврши колегата Спасовски.

Дефинитивно вие правите злоупотреба на поддршката што ја има воопшто Армијата на Република Македонија во овој момент. Со неколкуте гафови кои во континуитет ги прави вашиот првопретпоставен министерот Еленовски реално ќе ја отворите темата која до сега за нас беше заради Букурештанскиот самит табутема, а тоа се состојбите во Армијата на Република Македонија и во Министерството.

Немојте да продолжувате да не провоцирате и на овој начин, да тврдите дека е ова техничко прашање. Минатиот пат не дојде министерот да ни објасни зошто Република Македонија, кога сите навестуваа повлекување на своите војници, на 30 ноември го зголемува за 100% својот контингент со овие 4 за 112% својот контингент. Треба да ни кажете.Дали заради тоа што имаме проблем со другите реформи и колку послаби се реформите обратно пропорционално ќе ги зголемуваме војниците кои треба да заминат во Мисија во Ирак. Знаете дека имаме проблем, да се договориме отворено, но не ни давате можност. Имаме проблем со парпот во Министерството за одбрана и во Армијата, но бидејќи во политичките критериуми сме катастрофални па се влечеме, нашите сојузници велат имаме добри реформи. Вие на овој начин, како што не транспарентно не ни давате можност овде да се произнесеме, дополнително провоцирате. Посебно провоцира со непознавање на зазконите министерот Еленовски кој без потреба влегува во подгревање на еден од сегментите кој не функционира тоа е кохабитацијата со негово толкување кое е погрешно за начинот на кој беа избрани и промовирани новите два генерали на македонската армија.

Значи, во серија правите гафови, ви прогледуваме низ прсти, но веќе претеравте.

Вчера требаше ова да го каже министерот Еленовски, но не е ова техничко прашање. Како вчера стана овде, како што кажа некој од колегите, му шепна на претседателот на Парламентот сме згрешиле не е 6, туку 7 ќе одат во Босна во ЕУФОР Мисијата и сега не се 32, туку 36.

Мислам дека е крајно несериозно за една институција која заедно и позицијата и опозицијата ја градиме како нешто околу кое имаме унисон став каде демонстрираме политичка волја и подготвеност да браниме стратешки терени. Но, вие крајно неодговорно се однесувате. Сега мора критиката вие да ја трпите, затоа што бега од критики министерот Еленовски. Ова е недопуштено во година каде се брои се што ќе треба да го направи позитивно Министерството за одбрана и Армијата. За 10 дена правите трет гаф непотребно. Мислам дека тоа не смеете да си го дозволите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Теута Арифи, повелете.

**Теута Арифи:** Почитувани пратеници, почитуван господине Халими.

Воените мисии во кои учествува Република Македонија можат да се сметаат како позитивна неколку годишна тадиција која во моментот кога пред неколку години ние како држава одлучивме да се вклучиме во меѓународно партнерство тоа подразбира поддршка на демократските вредности во глобалните процеси.

Затоа сметам дека учеството во сите овие активности и меѓународни мисии кои се во однос и со учество во воени мисии е еден од позитивните чекори кои меѓународно ги преземе нашата земја еве неколку години.

Во оваа насока сметам дека зголемувањето на бројот на припадниците во мировнат операција во Ирак што подразбира една од најкомплицираните меѓународни операции со многубројни дилеми.Секако дека е еден исчекор кој треба да се оцени како позитивен.

Во оваа насока сакам уште еднаш да го подлечам нашиот став дека учеството во меѓународните мисии има неколку позитивни аспекти, а тоа се во прв ред позитивната улога во настанот каде учествуваат мисии и припадници на Армијата на Република Македонија што подразбира една комбинација на хуманитарни, но и мировни мисии

и заштитни мисии со опасности кои ги имаат овие мисии.

Вториот аспект е меѓународното партнерство, едно значајно партнерство не само воено, туку и политичко за нашата земја, посебно партнерството кое подразбира подобро позиционирање во односите со НАТО, но и подобро позиционирање со билатералните односи со САД.

Третиот аспект е улогата која ја преземаме во глобалните процеси. Имајќи ја во предвид глобализацијата на светот и имајќи во предвид дека малите народи и малите држави имаат можност не секогаш да бидат дел на големите глобални процеси ова е една добра шанса и излез на нашата држава во оваа насока. Сакам да подвлечам еден друг аспект во однос на членството на нашат земја во НАТО. Аспектот на испраќање на војници во меѓународни мисии е само една димензија со која се оценува погодноста на една земја кандидат за членство во НАТО.

Во исто време има и други два аспекти со кои се оценуваме. Друг аспект се реформите во Армијата и третиот аспект не помалку значаен, туку клучен, се демократските стандарди во земјата. Сметам дека за сите изминати години уште од првата мисија во Авганистан мислам дека делот во кој најдобро се покажа нашата земја се меѓународните мисии.

Во оваа пригода сакам уште еднаш да искажам длабока почит за сите тие мажи и жени државјани на Република Македонија кои се дел на овие мировни мисии затоа што како дел на овие мисии и личната опасност која ја преземаат фактички ги помагаат сите граѓани да бидеме дел на еден општ концепт како што е НАТО.

Жалам што во нашите медиуми толку малку се говори или во Парламентот толку малку има можности за да се запознаеме од блиску со активностите кои овие лица ги преземаат со земјите со голема опасност.

На крајот сакам да привршам, мислам дека за едно прашање какво што е денешното нема потреба овие прашања да се зголемуваат на краткорочни и ургентни итни седници, уште повеќе кога сите политички партии имаат општ консензус дека нема дилеми во однос на прашањето на испраќање или не испраќање на мировните мисии, на воените мисии во разни земји.

Сметам дека овие прашања заслужуваат посериозен пристап, заслужуваат да се разговара на седници на кои ќе имаме поголеми информации и заслужуваат поголема почит од страна на нашиот Парламент. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодара.

Има збор господинот Љубисав Иванов Ѕинго, повелете.

**Љубисав Иванов-Ѕинго:** Благодарам претседателе.

Барем до денеска ние имавме еден консензус околу учеството на нашите војници во мировните операции во светот.

Неколку пати до сега и во неколку изборни периоди го поставував прашањето на учеството на нашите војници во тие мировни операции од аспект на финансирањето на тие операции. Предлагав, а еве и сега ќе предложам нашето Министерство за одбрана да преговара посебно кога тоа учество е во рамките на НАТО тие трошоци, а не се малку, да ги сноси самата организација на НАТО. Бидејќи Македонија е сиромашна земја се поголем е товарот на Македонија во ова финансирање, а имајќи во предвид дека сеуште не сме членка на НАТО, со право можеме и треба да го поставиме прашањето на носењето на тие трошоци од страна на оние за кои сме ангажирани во тие мировни операции во светот.

Еве овој пат тоа прашање го обновувам и мислам дека Министерството треба посериозно да го постави тоа прашање таму каде што треба. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Каба имате збор, повелете.

**Гарип Каба:** Ви благодарам господине претседател,

Почитувани пратеници, почитуван заменик министер, претставници на Владата.

Секако веќе стана традиција на вакви седници кои треба да имаат празничен карактер, по мое мислење, да има дискусии малку провокативни за Владата.

Мислам дека не треба да бараме влакно во јајцето, туку треба на оваа Мисија од ваков карактер на овие војници, офицери кои Република Македонија и Владата заедно со институциите им дава поддршка, треба да се приклучиме и ние на оваа Мисија и секако треба да дадеме поддршка затоа што оваа Мисија уште повеќе го зајакнува убедувањето, ја зајакнува идејата Македонија да биде пред меѓународниот фактор уште попозната, да биде поподдржана во меѓународна смисла и со ваква поддршка која ќе ја дадеме денеска само ќе го зазјакнеме убедувањето да се приближиме поблиску до меѓународните институции односно до НАТО и Европската унија.

Во име на ДПА даваме поддршка на овие мисионери на мирот и им посакуваме здравје, среќен пат и да се вратат живи и здрави во нивните семејства. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Митаноки имате збор.

**Веле Митаноски:** Благодарам претседателе.

Очигледно потрошивме доста време можеби непланирано, отворени се некои прашања што можеби ќе треба да дадеме одговори, но во секој случај треба да се даде поддршка. Ние не можеме да избегаме од фактот дека сме и треба да бидеме дел од глобалната стабилност, дека на овој начин испраќаме пораки во тој правец дека

извезуваме стабилност како земја, меѓутоа, прашањето што јас сега би го поставил, можеби реторичко, е не кого ние ќе браниме, туку после она што синојка се случи во центарот на Скопје, кој нас ќе не брани поради начинот на кој сето тоа се случи.

Се надевам дека еден ден ќе отвориме расправа и по тоа прашање, во секој случај давам поддршка за предлогот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 70 пратеници, сите 70 гласале за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Ирак.

**Минуваме на точката 2. - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за буџетите, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на Законот, со Предлогот на законот ви е поделен.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓа Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам претседателе.

Она што денеска го добивме се однесува на измена на Законот за буџети и предлогот онака како што е доставен до Собранието мислам дека е според од неколку причини за кои ние не можевме да бидеме свесни додека не го погледнавме кога ни беше доставен на маса пред почетокот на седницата.

Тоа би требало службите да го утврдат дали е можно разгледување на овој закон кој се однесува на измени на Закон кои сеуште не се објавени во Службен весник, тоа е првото прашање.

Второто прашање се однесува на содржината на Предлогот што е даден. Овој предлог претставува обид да се почитува договорот кој е направен на лидерската средба, меѓутоа, за жал, во овој член се содржат одредби кои се надвор од тој договор и практично предлогот не кореспондира со договорот што е направен.

Значи, она што ние го баравме е да се почитува директно директивата која е дадена во прилог на Предлогот за изменување и дополнување на Законот за буџети кој го гледавме вчера и за кој дебатиравме вчера, а тоа е во членот 22 од вчерашниот предлог за измени на Законот после ставот 3 во кој Министерството за финансии по службена должност во текот на фискалната година има можност да врши прераспределба во рамки на буџетскиот корисник обезбедување на потребни средства за спроведување на налози за извршување, по основ на присилна наплата, да има обврска три недели пред да се извршат овие трансфери да ги извести институциите за својата намера.

Тоа е она што беше договорено на лидерската средба.

Сега добиваме предлог во кој се вели дека за прераспределба меѓу буџетските корисници и фондовите, внимавајте, без оглед на висината и намената на одобрените средства со буџетот, дека треба да одлучува Собранието по предлог на Владата, а Министерството за финансии, три недели пред донесувањето на актот од страна на Собранието да ги извести буџетските корисници и Фондовите.

Јас отворено го прашувам министерот дали не е во спротивност со другите одредби од Законот, имајќи во предвид фактот дека во друг член од Законот имаме одредба во која се вели дека прераспределба на повеќе од 15% од буџетските средства е можна исклучиво со ребаланс што е во директна контрадикција со оваа одредба од членот.

Јас го замолувам министерот да ни даде објаснување која била нивната интенција со ваквиот Предлог на закон и дали не е сосема спротивно на друга одредба од истиот закон, дали не е можност да се релативизира можноста за ребаланс и да имаме практично на ваков начин допуштање без разлика на висината и намената на одобрените средства наместо со ребаланс да се одлучува со Предлог одлука од страна на Владата.

Молам, објаснение од страна на министерот за финансии, сакам да замолам односно да апелирам дека брзото носење и предлагање на вакви решенија не е секогаш квалитетно затоа апелирам на подобра усогласеност помеѓу Владините партнери, се надевам дека господинот Ставрески не го информирал лошо господинот Трајко Славески, го довел во ситуација да ни предлага вакво законско решение денеска.

Барам одговор од министерот за финансии за ваквото решение.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави господинот Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Почитувани колеги, почитувани претставници на Владата,

Мислам дека овој закон има неколку работи за кои треба да добиеме образложение.

Прво, се наоѓаме во една тешка правна ситуација господине претседателе, да менуваме закон кој Службен весник го нема објавено. На постоен закон кој не е објавен веќе го менуваме и тука е ставено во воведот дека Законот за буџети кој е објавен во некој весник кој не постои од 2008 година. Ајде да речеме дека техничката страна е слабост заради тоа што е техничка ќе ја премавнеме. Меѓутоа, тука има уште една одредба која мене ми внесува малку забуна, вели дека ставот 7 се менува и гласи, а ставот 7 го немаме. Моја претпоставка е дека тоа е став што

е вчера сменет. Меѓутоа, ние го немаме сега за да видиме што се менува. Мислам дека е добро да ни се достави оваа одредба што се гласа денеска која одредба се менува, тука ја нема, став 7 фали за да знаеме што правиме. Меѓутоа и тоа е техника и очекувам во текот на работата барем да ни се даде ставот да видиме што вчера е гласано, а денеска се менува.

Меѓутоа, она што е поважно по мене, прво, во образложението на законот пишува дека овие измени на Законот се резултат на потребата од натамошно унапредување на буџетското работење.

Меѓутоа јас ве уверувам дека ставот што се додава не е унапредување туку е целосно уназадување на буџетското работење со тоа што Собранието на Република Македонија една своја уставна определба, дури се мислам дали е можно ова вака да оди, каде Собранието го донесува Буџетот на Република Македонија, ја заменува со одредба дека со прераспределба помеѓу буџетските корисници и фондовите, без оглед на висината и намената на буџетските средства, значи упатувам на зборовите "висината на буџетските средства", Собранието одлучува по предлог на Владата. Значи Владата ни предлага, почитувани пратеници, наместо со ребаланс на Буџетот, Владата може на Собранието да му достави одлука за прераспределба на средствата во разделите, како што овде пишува, без оглед на висината на средствата. Теоретски тоа значи дека Владата може 98% или 100% од одредени буџетски корисници да ги пренаменува на предлог, до Собранието, со одлука Собранието да го гласа.

Само да потсетам дека одлуката и Буџетот се носат во различни процедури, согласно Законот за буџети. За менување на Буџетот со ребаланс и донесување на буџет значат едни одредби, а за одлуката важат други одредби. На пример доставете ја одлуката денес и барајте да се стави по итна постапка утре, како што беше направено пред неколку дена. Тоа значи дека Собранието од сега натаму, со овие измени и дава право на Владата со одлука да ни предлага, без оглед на висината, да утврдуваме буџет. Поинаку кажано, прво Владата, очигледно дека критиките кои ги упативме кога ја носеше одлуката каде повеќе од 15% пренаменуваше, кажавме дека е незаконска, министерот не коментираше, изрече закани, во ред, сега се покајаа, сфатиле дека направиле погрешна законска одлука, па сега сакаат екс пост за во иднина да го покријат без оглед на висината, што значи не само 15% согласно ставот 5, додаваат нов став 7 во кој викаат без оглед на висината. Јас почитуван претседателе се спротивставувам на вакавата одлука, со оглед ндека законот ни беше што туку доставен, го барам своето деловничко право законот да го одложите од разгледување за време колку што е потребно да поднесеме амандман, согласно Деловникот, за одредбите кои овде стојат, без оглед на висината и намените на одобрените средства затоа што мислам дека на мала врата Владата се обидува, тоа што го кажав, да го доведе Собранието во ситуација и мислам дека пратениците конечно треба, без разлика на која партија припаѓаме, да кажеме не на ваквите определби. Конечно да кажеме не. Владата ни предлага со одлука да пренамени 200 милиони евра, на пример, преку ноќ. Тоа го направи. Сега сфаќа дека таа позиција на Владата секој ден ќе се надоградува, како што овде пишува, наместо да се унапредува, јас мислам дека ќе се уназадува буџетското работење во Република Македонија. Не постојат планови, во секој момент ат хок со одлука, не ви треба ребаланс, не ви треба ништо, ставете точка на дневен ред по итна постапка. Мислам дека не само што ние како пратеници губиме, си ги даваме своите овластувања на Владата, туку и Владата ја туркаме во предлог кој за неа ќе значи комоција да може да си прави што сака, еднаш месечно да ни нуди одлука за прераспределба на средства и да не ја третира како ребаланс, а тоа всушност е ребаланс.

По завршувањето на расправата, до колку сака да каже нешто господинот министер, а гледам дека и сака, претседателе би замолил да дадете соодветно време да се изготви амандман па барем да можеме да знаеме дека сме поднеле амандман, да се гласа во врска со одредбите кои денес ни се понудени. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За збор се јави господинот министер за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам господине претседателе.

Можноста, што се вели, и најдобрите намери тука да се извртуваат и некој да се обвинува неоправдано, тука е неограничена. Јас го искажувам својот револт заради ова.

Тоа што го предложивме, тоа зошто Владата се состана вчера во 19,30 часот, беше да се одговори на еден пропуст, очигледен, кој настанал во договарањето за овој закон и Владата го направи тоа што беше побарано, како што беше разбрано.

Најочигледно ќе треба да седнеме заедно на стеручно ниво, да го усогласиме текстот. Но ова што го кажувам морам да го кажам затоа што овде беа изнесени некои груби напади кои целосно ги отфрлам.

Имено, вчера од господинот Ивановски ми беше даден текст на директивата со што тие бараат дополнување на законот за буџетите и ние постапивме по тој текст.

Иако вчера и во својата интервенција кажав дека контекстот е сосема различен. Имено станува збор за Буџетот на Европската комисија. Европската комисија е некој вид влада на она што е Европска унија. Европскиот парламент има сосема различни ингеренции од националните парламенти и нашиот Парламент, од аспект на носењето на буџет.

Значи таму Европската комисија можеше да пренаменува некои средства и од тука за пренамена на тие средства кои беа назначени во директивата, велам и стојам на тоа дека таа сугестија е неприменлива во нашето буџетско законодавство, но ние се согласивме некако да ја приспособиме и тоа го предлагаме овде. Значи за таа пренамена се бараше известување од три недели, до буџетските корисници.

Овде Владата не врши пренамена меѓу буџетски корисници, туку за секоја пренамена меѓу буџетски корисници мора да се обрати до Парламентот, бидејќи тука е суштинската разлика. Тоа е во директивата, ако сакате да го прочитате. Значи нема никаква намера, од ова што го кажа господинот Поповски сега да се оди во некое зајакнување на позициите и тн.

Господине Поповски вие бевте министер за финансии и јас сега ќе го кажам следново. Имено треба да знаете дека и кога ја браневме одлуката за пренамена на средствата, го кажавме истото. Вашето сфаќање е сосема погрешно дека не може да има флексибилност на пренамена на средства меѓу буџетски корисници.

Еве да претпоставиме дека ни се случи некоја катастрофа во Република Македонија, не дај Боже, за која е потребно да одвоиме 20% од Буџетот за таа намена. Како министер за финансии, односно како Влада ние ќе ви предложиме укинување на некои несуштински програми. Ние не можеме да ги укинеме самите и да ги пренамениме средствата, но вие разумно ќе постапите, ќе ја прифатите таа одлука ако сте убедени дека на тој начин треба да се акумулират средства за одговор на некоја закана на Република Македонија. Немојте да ме убедувате дека е ограничено до 15% од некоја програма, можноста за пренамена на средства. Велам не дај Боже, ќе се укинуваат или би се укинувале цели програми за да се обезбедат средства.

Од тука, почитуван претседателе, заради усогласување кое ќе го побараме од почитуваните претставници на СДСМ, како иницијатори на оваа измена, а најмногу заради фактот што ние сакавме со најдобра намера и желба да одговориме на она што вчера го ветивме, веднаш да се закаже итна седница на Влада и за денешната седница која сеуште не беше завршена по таканаречените европски закони, да доставиме предлог, да го испочитуваме договорот, а гледаме дека не сме одговориле на очекувањата, или сме биле погрешно разбрани, во името на Владата на Република Македонија, јас го повлекувам овој закон.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине министре.

Владата го повлекува овој предлог, односно втората точка.

**Минуваме на точка 3 -Предлог на закон за поштенски услуги.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Процедурално за збор се јавува господинот Владо Бучковски, повелете.

**ВладоБучковски:** Благодарам претседателе.

Најпрвин да го поздравам потезот на министерот за финансии, но од друга страна да го осудам потезот на заменик претседателот на Владата кој во овој момент ни достави известување дека од 93-та седница, од таканаречената седница за европските приоритетни закони, го повлекува Предлогот за донесување на закон за поттикнување и помагање технолошки развој, кој само говори за какафонијата во која е доведено Собранието на Република Македонија.

Претседателе, како прв меѓу еднаквите, би ве замолил да не заштитите од своеволието кое го демонстрира Владата. Значи ако е нешто приоритетно и се договараме да го завршиме приоритетно, не може во меѓувреме да испадне тој приоритет и сега да расправаме на оваа 94-та седница за некои, ќе видиме после законот за поштенски услуги, ќе го каже Ќуркчиев што е нашето мислење, но имаме точки 4 и 5 кои не се со европско знаменце, како што вели колешката Бонева, потоа доаѓаме на некој закон што доби предност пред оние 16 и реално ние сме доведени во ситуација и самите не знаеме да одговориме на задачите што во овој момент е приоритет за Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Продолжуваме со работа.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани за менување на член 1, член 2 став 2 за додавање нова алинеја 8 по алинејата 7, член 3 алинеи 3,4 и 9 за менување на членовите 5 и 6 за додавање два нови члена 6-а и 6-б по членот 6, член 7 став 1 точка 5 за додавање 12 нови членови 7-а, 7-б, 7-в, 7-г, 7-д, 7-ѓ, 7-е,7-ж,7-з,7-ѕ,7-и,7-ј по членот 7, член 11 став 2 за менување на алинеите 1,2 и 3, член 14 став 3, член 17 за додавање нов став 4 по ставот 3, член 34 став 1, член 40 став 1, член 43 став 1 за менувње на член 56 за додавање 11 нови членови 56-а, 56-б, 56-в, 56-г, 56-д, 56-ѓ, 56-е, 56-ж, 56-з, 56-ѕ, 56-и, по членот 56, член 59 ставови 1 и 8 и за менување на став 3, за менување на член 60 за додавање нов член 60-а по членот 60, член 61 за додавање два нови члена 65-а и 65-б по членот 65, за менување на член 66 и за додавање нов член 66 по членот 66 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Весна Бендевска поднесе амандмани за менување на член 1, член 2 за менување на став 1, член 2 став 2 за менување на алинеја 4, член 2 став 2 за додавање нова алинеја 7 по алинеја 6, член 2 став 2 алинеја 7, член 2 став 2 за додавање нова алинеја 8 по алинеја 7, член 5 за бришење на став 2, за менување на насловот на членот 6 и членот 6 и за менување на насловот на членот 7 и членот 7, член 7 став 1

точка 5 и 6 алинеја 3 за додавање нов член 7-а по членот 7 за додавање нослов и нов член 7-а по членот 7 и за менување на член 66, по кои Владата не се произнела.

Процедуралоно за збор се јавува господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Почитуван претседателе, ние почнавме да работиме по оваа точка, меѓутоа вие почнавте да ги читате амандманите на текстот на Предлогот на законот за поштенски услуги поднесени од пратеничката Весна Бендевска, Никола Ќуркчиев и Тале Герамитчиоски, меѓутоа морам да кажам дека истите ние ќе ги повлечеме и нема потреба да бидат читани заради тоа што пред некој ден и конечно ги усогласивме нашите ставови околу овој Предлог-закон.

Добрите намери на опозицијата министерот ги прифати и тие се усогласени и со владините амандмани. Јас се надевам дека оваа пракса ќе продолжи и во иднина. Така, на овој начин обезбедивме овој закон да биде добра основа поштенските услуги да се либерализираат во Република Македонија и да бидат во интерес на граѓаните. Во тоа име уште еднаш сакам да најавам дека истите амандмани се повлечени.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине Ќурчиев.

Значи ја прескокнуваме дискусијата по амандманите.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Никола Ќуркчиев.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе.

Мислам дека овој закон кој беше влезен во парламентарна процедура во јуни месец, треба да се каже некој збор, особено заради тоа што со овој закон се пропишуваат условите и постапките за обезбдување на поштенски услуги, а воедно се врши, во најголем дел, усогласување со Директивата на Европската унија 97/67, што навистина мислам претставува една добра основа поштенските услуги во Република Македонија да добијат на квалитет.

Ако 18 октомври 2006 година кога беше донесен овој документ со кој се изврши либерализација на поштенските услуги, а тоа да важи во 2009 година, мислам дека со тој документ или веќе со овој закон и во Република Македонија можеме да кажеме дека Директивата 97, на Европската унија, ќе биде усогласена и воедно се симнува монополската позиција во делот на поштенските услуги.

Јас се надевам, истовремено, дека Владата ќе овозможи, до колку има потреба, преку компензационите фондови да помогне во делот на Македонска пошта односно во делот на универзалната поштенска услуга заради тоа што сите знаеме какви се цените во Република Македонија, а воедно сакам да кажам дека менаџерскиот тим на Македонски пошти сеуште не направил една опсежна анализа колку ќе чини либерализацијата на поштенските услуги во Република Македонија.

Јас мислам дека и овој закон ќе биде предизвик за овој менаџерски тим во Македонски пошти што во изминатите година ипол не се покажа на она ниво на кое го очекуваа граѓаните кај нас, заради тоа што минатата година, а и оваа требаше да биде еден подготвителен период, особено кога толку многу се зборуваше за овој закон за поштенски услуги, а да не се чека од 100 да се расходуваат 25 возила во Македонски пошти и менаџирањето да се сведе на продавање на мастики и чоколади.

Мислам дека подзаконските акти кои ќе следуваат од страна на Министерството за транспорт и врски, ќе дадат еден нов квалитет во делот на имплементација на законот и во квалитето на поштенските услуги. Истовремено, се надевам дека многу брзо Собранието на Република Македонија ќе донесе одлука и ќе ги избере членовите на независното регулаторно тело, тоа е Агенцијата за пошти која ќе ги регулира сите работи кои ги пропишува Европската директива 97/67.

На овој начи, уште еднаш давам поддршка на овој закон.

Пратеничката група на СДСМ ќе гласа за овој закон и во тоа име ги повлековме сите наши амандмани и се надевам дека и министерот за транспорт и врски и Влаата во иднина ќе врши усогласување на законите кои во иднина ќе бидат донесени, како би можело поефективно и поорганизирано да настапуваме, а и ние во Парламентот помалку да дебатираме.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави господинот Џеват Адеми, повелете.

**Џеват Адеми:** Благодарам.

Нашата пратеничка група ќе го поддржи овој закон. Ќе го гласаме затоа што предлагачот односно Владата на Република Македонија скоро во целост ги прифати и по пат на амандман ги предложи забелешките укажани и на последната лидерска средба помеѓу претседателите на четирите поголеми партии во Македонија, така што сметам дека со предложените амандмани се опфатени и забелешките од Европската комисија, пред се за независното регулаторно тело што ние сметавме дека во првобитната верзија беа повредени европските стандарди. Да не должам, нашата пратеничка група ќе го гласа овој закон.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине Адеми.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставамна гласање.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата, а пратениците кои сеуште не влегле во салата, ги молам да влезат и да ги заземат своите места.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, сите 64 гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за поштенските услуги.

**Минуваме на точка 4 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за политичките партии, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот министер за правда, Маневски.

Повелете господине министре.

**Михајло Маневски:** Благодарам господине претседателе.

Почитувани дами и господа пратеници.

Законот за политичките партии е донесен во октомври 2004 година, а позначајни измени и дополнувања на Законот се направени точно пред една година, на 10 јануари 2007 година.

Ако се сеќавате тогаш ова го расправавме по однос на текстот на предлогот за изменување и дополнување на Законот од јануари 2007 година и се дискутираше околу тоа прашање дали и кој треба да врши заверка на потписите за основање на политичка партија. Тогаш имаше две идеи, дали тоа да се прави од нотар или да се прави од подрачните служби на Министерството за правда. Законот е донесен со тоа што е предвидено потписите да се собираат во подрачните единици на Министерството за правда. Меѓутоа, сакав да викажам дека Уставниот суд на Република Македонија реагираше со Одлука, со тоа што ја поништи одредбата со која што се предвидуваше да се собираат потписи за основање на политичка партија во подрачните единици на Министерството за правда и се наложи потписите да се собираат кај нотарите. Ние тогаш кога расправавме околу собирањето на потписите не се раководевме од некои причини да ги повредиме правата,одредени права на граѓаните, меѓутоа се раководевме, пред се, од економските причини, заради тоа политичките партии да не бидат изложени да плаќаат секои две години, како што тогаш беше предвидено, такси заради собирањето потписите и со давањето на тие изјави. Сега, практично со овој закон кој што се предлага, кој не е обемен, измените не се обемни, практично, се предлага собирањето на потписите да се даваат пред нотар и собирањето на потписите и пререгистрирање на политичка партија да не се врши на секои две години, како што беше предвидено сега на 4 години. Собирањето на потписите да не биде 45 дена, туку да биде 90 дена, да има малку повеќе време, бидејки сега треба да се даваат тие изјави или да се собираат потписи кај нотарите. Третата измена е усогласување со Законот за судовите во врска со водењето на регистарот на политичките партии. Ве молам, да го усвоите законот за измени и дополнување на Законот за политичките партии. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине министре.

За збор се јави госпоѓа Ристана Лалчевска, повелете.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претсеателе.

Колеги пратеници, јас ќе бидам многу кратка и ќе кажам дека има потреба да ги донесеме овие измени и дополнувања на Законот за политички партии, бидејки со одлуката која ја донесе Уставниот суд со коај се укинаа одредени одредби од Законот за политички партии и се отвори една правна празнина, која што ние како законодавен дом сме должни да ја уредиме односно да ја пополниме таквата правна празнина. Меѓутоа, тоа не беше причина да се јавам, причина беше да се јавам што новото решение кое сега се предлага е потписите за основање односно за пререгистрирање на политичка партија според укинатото решение, беше пред државен орган и тоа го успори Уставниот суд, бидејки повредува правото на, лично право за политичка определба. Јас не се сеќавам дека во одлуката посочува Уставниот суд дека треба да се врши пред нотар, меѓутоа ќе го прифатамо бразложението на министерот дека сега со ова решение кое се нуди од предлагачот, потписите ќе се собираат односно ќе се заверуваат пред нотар и истите ќе бидат доказ за одредена бројност на подржувачи н аполитичката партија, како би можела таа да се регистрира односно да се пререгистрира на 4 години според сега предложеното решение наместо на 2, како што беше во претходните измени. Јас ова второто решение го подржувам, меѓутоа не се согласувам потписите да се собираат кај нотар според седиштето на основачот од многу причини, а пред се бидејки секој државјанин на Република Македонија има право да даде изјава пред нотар дека подржува одредена политичка партија во местото на своето живеење, а не да доаѓа во местото на живеење на основачот, бидејки тоа ќе биде многу комплицирано, многу непрактично и многу скапо решение, а Нотаријатот единствена служба која се организира на територијата на целата Република, нотарите ги назначува министерот, за нивното работење контролата ја врши Министерството за правда и т.н. Нема никакво оправдување во прилог на решението кое сега е предложено во законот односно таквите изјави да се даваат само пред нотар каде што е местото на живеење на основачот на политичката партија.

Законодавно-правната комисија доста расправаше за ова прашање и поднесе свој амандман, па се надевам искрено и му препорачувам на предлагачот да го прифати таквиот амандман, бидејки таквото решение ќе биде многу попрактично, многу поедноставно, а

ќе ја постигнеме истата цел. Секако, многу поефтино за оние кои што сакаат да дадат подршка за одредена политичка партија.

Уште еднаш сугерирам на предлагачот да го прифати амандманот на ЗПК и да дојдеме до едно подобро решение. Исто така, предлагам на предлагачите и на пратениците во Собранието да почнеме да размислуваме за нов концепт на функционирање од основање, структуирање и т.н. на политичките партии и мислам дека новото време што доаѓа, нашето интегрирање во Европа ќе побара и нов закон за организирање и функционирање на политичките партии приближно онаков каков што го имаат развиените демократи. Па, ајде колеги сите да рзмислуваме и што побргу да донесеме нов закон со нов концепт на функционирање на политичките партии. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓо Јаневска имате збор, повелете.

**Весна Јаневска:** Благодарам господине претседателе,

Уште кога ги носевме првите измени, си зедов за право и се потврди дека бев сосема во право Што сметам дека е неисправно депонирање на потписите во подрачните единици за Министерството за правда и тоа го образложував не само како неуставен елемент од овој закон, туку и политички го образложував, со тоа што ја отцртав во тој момент политичката ситуација во земјава по однос на партиските членови, при што не мислам дека е изменето од тогаш до сега. Без да одземам многу време, само накратко ќе потсетам. За жал, најмногу како резултат на изминатите 60 години од едноумието, но и од некои негативни искуства кои се случуваа во нашата млада демократија, некои луѓе кои беа партиски членови на одредени политички партии страдаа поради тоа што членови на тие одредени политички партии. Поради тоа , сметам дека сеуште не е зрела ситуацијата во Република Македонија, но се покажа дека е неуставен таквиот предлог, за што ми е многу драго.

Сега, повторно имаме нов предлог и морам да кажам дека апсолутно се согласувам со пратеничката Ристана Лалчевска за местото на живеење на основачот на политичката партија, па сметам дека ова е несоодветно решение, политичките партии во Република Македонија и секаде планираат или се структуирани да ја опфаќаат речиси целата територија на државата и не гледам зошто би требало да се ограничи само на местото на живеење на основачот и тоа во иднина, иако можат да бидат основачи, што значи може да има повеќе места на живеење. Сето ова го комплицир аовој член и тој станува крајно неодреден. Јас имам и друга забелешка, забелешка на тоа дека потписите треба да се депонираат на нотар. Што треба да значи депонирањето на потписот за членство во политичка партија кај нотар. Тоа е слично нешто на она што го имавме во претходниот закон. Значи, сметам дека повторно ќе ги изложиме членовите на политичките партии или оние илјада кои треба да бидат регистрирани во судот, на истиот проблем кој што сме го поставиле тогаш кога требаше дда ги депонираат своите потписи во подрачните единици на министерствата за правда, затоа што госпоѓа Ристана Лалчевска спомна некои од механизмите на контрола на Нотаријатот и на работата на нотарите. Ми се чини дека само ова е несоодветно трошење на пари на членовите на политичките партии, затоа што тоа ќе оди според правилата на заверување на нотарски акт, иако еден услов е сосема исполнет при поднесување на документите за регистрација на политичка партија во суд, оние што се запишуваат или ги депонираат своите потписи и по стариот постоечки закон, треба покрај генералите, местото на живеење да го имаат забележано и матичниот број, а потоа до колку има потреба,не до колку има, туку тоа секогаш така било барем според моето искуство, судските служби понатаму според одредена и пропишана ставка проверуваат дали сите податоци кои се внесени во формуларот кој е издаден од судот се соодветни. Ако веќе матичниот број  генералиите и местото на живеење се проверуваат во судот,не гледам сериозна причина зошто пак депонирањето на потписите би било пред нотар, кој би бил гаранција за точноста на овие податоци. Значи, двапати една иста работа ќе се работи, при што при депонирањето на потписите кај нотар луѓето повторно ќе бидат изложени на јавност,иако според Уставот имаат право тоа да не биде така. Нивно основно базично право е да бидат член на која сакаат политичка партија и тоа јавно да не го соопштуваат. Повторувам, според лошите исксутва кои кај некои партиски членови ги имало, сметам дека во овој момент, сепак, претставува проблем и тој е многу помал отколку што бил во минатото, но во овој момент навистина сметам дека сеуште е проблем. Со оглед на тоа дека не дадов амандман, сметам дека ова решение е подобро од она што беше, всушност тоа е веќе укинато од Уставниот суд и дека овој закон сепак ќе треба да се подржи, а во блиска иднина да се размисли за посериозно одредување, за посериозни поточни одредби на некои членови од овој закон. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Незири имате збор, повелете.

**Сафет Незири:** Почитувани колеги пратеници, овие измени и дополнувања на Законот за политички партии е исполнување со кој е еден клучен момент за тоа, иако овој закон за политички партии ако се сеќавате дека нашата парламентарна група на ДУИ побаравме преку наш амандман да се интервенира да има измени и дополнувања уште во тоа време. Но, по се изгледа Владата и Министерството за правда беа глуви во оваа насока и не сакаа да ги слушнат нашите аргументи и факти со кои интервенираве. Мислам дека секогаш треба да се има предвид ког аима предлози и амандмани во насока на измени и дополнувања и

подобрување на текстот на некој закон, треба без оглед на политичката припадност или политичката убеденост опозиција или парламентарно мнозинство, навистина да се прифатат истите. Да се прифатат овие наши забелешки,иако ние нагласивме уште во тоа време дека се говори за закон кој неколку члена кои сега веќе се укинати од Уставниот суд, се членовикои се противуставни, со што на политичките партии, фактички на граѓаните на Република Македонија кои пристапуваат во политички партии, дефакто им се укинува слободата на политичко изразување при давање нивни потписи, при регистрацијата на политичките партии.

Друга наша забелешка е во насока дека рокот за собирање потписи и регистрација беше 45 дена. Ние уште во тоа време предложивме рокот да биде 90 дена.  Во насока на тоа дека се повредуваа правата на изразување и начинот малку подискретен на граѓаните кои имаа политичко убедување потписот да не се депонира во подрачните единици на Министерството за правда. Нашиот предлог во тоа време беше потписите да се депонираат каде нема рака власта. Значи, да се знае кој дава потпис за регистрација на некоја политичка партија. И, сега ова е за поздравување и  треба да се пофали овој предлог, без оглед на се. Власта нашите забелешки ги зеде предвид и сега ќе се оди преку нотар, верификација на потписите. И ова е позитивна работа во насока на слободата, загарантираното право на секој граѓанин за својата политичка убеденост. За политичкиот претставник на едно Министерството или подрачните единици да не знае кој пристапува и истапува  од политичките апртии. Ова е добро што е направено до 2 на 4 години, тоа е исто така за поздравување и ние ќе го пдоржиме како наша политичка опција овој закон, затоа што зборот кој што сме го дале на средбата на лидери околу сите закони, за кои сме се договориле во начело, ние ќе ги подржиме не самона овој закон, туку на сите други закони за доброто на Република Македонија и за добротона граѓаните на Република Македонија и да создадеме неколку стандарди за наша интеграција во НАТО и Европската унија. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има госпоѓа Топузова Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван министер за правда,

Меѓу другото, еве, ја користам оваа можност да реагирам и на честите измени на дневниот ред што ги имавме во текот на оваа седница, не поради друго, туку поради тоа што пратениците, колку и да настојуваат не можат веќе да ја следат динамиката на дневниот ред и повлекувањето на закони што ги добиваме од страна на Владата. Гледаме дека имаме повлекување на Законот за поттикнување и помагање на технолошкиот развој со Предлог на закон и Законот за заштита на децата со Предлог на закон. Потоа, имавме ставено еден закон што самиот министер на седницата го повлече, Законот за извршување на буџетите. Навистина, морам да реагирам и покрај тоа што четирите лидери се договориле, јас навистина не знам што се договориле, дали и ова повлекување на законите постојано и доставување на нови закони и тоа влегува во договорот, но навистина создава една конфузна ситуација во која можеме тешко да се снајдеме.

Сега, конкретно за овој закон. Можеби овој закон и не мораше да биде сега на дневен ред затоа што го нема знакот на Европската унија, знаменцето. Колку што ми е познато лидерите се договориле овие два дена да дебатирале исклучиво по законите што ќе го носат предзнакот на Европската унија. Но, во секој случај би сакала да го искажам истиот мој став што го искажав и на Комисијата за политички систем.

Имено, од една страна, некои измени за кои што се говореше овде, кога прв пат се дебатираше по овој закон, минатата година, внесени се, односно повеќе пратеници побараа времето, терминот за собирање на потписи да се зголеми, сметајќи дека 45 дена не се доволни, што е добро, што сега имаме 90 дена, макар што јас не бев од оние кои инсистираа да биде пролонгирано ова време, затоа што, можеби и во 45 дена можат да се соберат потписи. Според мене, многу посуштински е начинот како тие се собираат.

Навистина, се придружувам кон колегите кои реагираа на начинот на кој се собираа потписите. Односно, потписите да се даваат пред нотар и тоа со седиште, според местото на живеење на основачот на политичката партија. Мислам дека не само што ги изложуваме, како што некој овде кажа, на јавност членовите на политичките партии, бидејќи некои од нив можеби и не сакаат да бидат, имаме два вида на членови во политичките папртии, едните кои се активни, како што ги нарекуваме активисти, и едни кои имаат пасивно учество во политички партии. Има и трети кои се само симпатизери. Тие не се ниту членови, ниту се запишуваат, а при изборите го даваат својот глас за одредената политичка партија.

Овие пасивни членови сега мора да бидат изложени пред очите на јавноста, со давањето на потписите пред нотар. Од друга страна, морам да спомнам дека и не само јавност, туку се изложуваат и на материјални трошоци. Знаеме дека секое заверување пред нотар треба да се плати, односно се плаќа нотарска такса. Освен тоа, ако го додадеме кон тоа патувањето, според местото на живеење на основачот на политичката партија, тоа се уште дополнителни трошоци за што нема потреба да ги изложуваме членовите на политичките партии.

Знам дека можеби големите политички партии, како ВМРО ДПМНЕ која располага со големи финансиски средства, може да си дозволи таков

луксуз да им го плати патувањето на своите членови. Но не верувам дека секоја партија може да им го плати патувањето на своите членови до седиштето на основачот на политичката партија. Според мене, ова е непотребно. Затоа апелирам да се прифати амандманот што го има поднесено Комисијата за политички систем.

Исто така, не ја гледам логичноста зошто, ако веќе ова се дава на нотар, имаме дека политичката партија е должна по истекот на секое четири години од денот на регистрацијата до Основниот суд да достави поединечно дадени потписи. Ако веќе се доставуваат тие кај судот, мислам дека тука веќе имаме една контрола, па зошто е тука потребна двојна контрола кој е член на која политичка партија.

Дозволете ми да го искажам своето сомневање, дека ова веќе може да се смета и за тенденциозно или претенциозно. Според тоа, мислам дека нема логика ова што се предлага во членот 2. Добро е што Уставниот суд еднаш тоа го укина, кога се бараше кај подрачните единици да се даваат потписи, иако од друга страна можеби тоа ја олеснуваше работата на членовите. Не беа изложени на патувања, како што се сега, во овој случај.

Токму поради ова што до сега го кажв, нема да дадам поддршка на овој закон, затоа што кажав дека е непотребно членовите на политичките партии да се изложуваат на дополнителни трошоци, особено оние членови на политички партии кои немаат можност да им ги платат трошоците.

Мислам дека по однос на ова реагираше и претставникот на партијата на Ромите и другите политички партии, па според тоа очекуквам оваа забелешка да биде сфатена сериозно.

Доколку не биде прифатен амандманот од Законодавно-правната комисија, нема да дадам поддршка на овој закон. Благодрма.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господин Ќенан Хасипи, имате збор.

**Ќенан Хасипи:** Благодарам господине петседателе,

Ќе се обидам да бидам што е можно пократок.

Имено, после Одлуката на Уставниот суд, со која што се укинаа одредени одредби од Законот за политичките партии и се создаде правен вакум, што, се разбира, го натера законодавецот да интервенира со одредени измени и дополнувања на Законот.

Иако лично сум присталица на нов закон за политички партии, со што ќе се адаптираме на стандардите што ги имаат политичките партии во земји со напредната демократија, сепак она што е денеска на дневен ред, заслужува мал коментар. Ќе се обидам кратко да го искоментирам.

Имено, на една од седниците на Собранието на Република Македонија на кои се поставуваат пратенички прашања го поставив прашањето дали со новите измени односно колку со новите измени во Законот за политички партии се влијаеше да се стесни македонскиот политички простор и да се намали бројот на политичките партии. Во одговорот што го добив видов дека со новите измени не обезбедивме кој знае какво окрупнување на македонскиот политички простор, што се разбира, според мене, налага со нови интервенции да се обидеме да го окрупниме македонскиот политички простор и на политичката сцена да бидат бардите што сепак нешто значат во политиката на Република Македонија.

На седницата на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, покренав уште две прашања:

Прво, тоа е прашањето околу давањето потписи пред нотар и депонирањето пред надлежните судови. Добро е што се напушти идејата тоа да биде во подрачните единици на Министерството за правда. Меѓутоа, давањето потписи пред надлежен нотар отвора прашање на дополнителни финансиски оптоварувања на политичките партии, имајќи го предвид фактот дека финансиите што ги добиваат политичките партии од државата се скромни. Овој дополнителен товар би било добро барем дел или во цел износ да биде на товар на државата. Бидејќи голем број на политички партии имаат скудни финансиски средства, тоа ќе претставува големо финансиско оптоварување за истите.

Прашањето околу давање потписи во седиштето на оснивачот, го покрена госпоѓата Ристана Лалчевска. Наполно ја поддржувам во таа насока. Мислам дек законодавецот ќе го прифати амандманот на Законодавно-правната комисија и во тој дел, при практикувањето на законот, ќе немаме проблеми.

Тоа што би сакал овде дополнително овде да го кажам е прашањето околу времетраењето на собирањето на потписите. Кога Уставниот суд ја донесе укинувачката одлука дека 45 дена е прекраток рок за собирање на потписи, не лицитираше со време. Кој овде ќе може да ме убеди дека, доколку се покрене постапка пред Уставен суд и за 90 дена, дека Уставниот суд тоа нема да го укине.

Според мене, најцелисходно е собирањето на потписи да може да започне веднаш после последната регистрација на партијата и да трае до наредната регистрација на партијата, во континуитет, со тоа да бидат дефинирани роковите кога е последен датум на кој ќе бидат депонирани потписите пред надлежниот суд за да може и во тој дел да се воведе ред.

Во тој контекст, заедно со колегата Хади Незири поднесовме два амандмани. Едниот е околу бројот на потписниците за основање на политичка партија. Сметаме дека бројката од илјада потписници е релативно мала бројка и дека со неговото зголемување на три илјади потписи ќе дојде до окрупнување на македонскиот политички простор.

Вториот амандман е дека Собирањето на потписите да започне од денот на последнат регистрација на партијата и да трае се до

наредната регистрација на политичката партија. Благодарам господине претседателе.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има господинот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Првиот пат, кога се носеа измените на Законот за политички партии, тогаш укажав дека во принцип сум против тоа да се менуваат условите за политичко организирање и дејствување. Така како што се дефинирани во Уставот и при првиот закон бев против тоа да се менуваат условите, бидејќи се прочита идејата дека на политичката сцена постојат голем број политички партии кои не се активни. За тоа имаше разбирање дека треба да се обнови, ревидира таа листа на политички партии, затоа што голем број од нив, се покажа на 60% не се активни. Треба тие да бидат пререгистрирани. Немаше механизам тоа да се направи. Преку промените во Законот се направи тоа. Но, мислам дека со зголемувањето на бројот на основачи на политичка партија или членови, од 500 на 1000, потоа, со обврската да се даваат потписите пред подрачни единици на Министерството за правда, мислам дека на некој начин се стеснуваа можностите за политичко дејствување.

Добро е што Уставниот суд укина токму оние одредби на кои имаше најмногу забелешки. Сега, Владата доаѓа со корекција. Но, сметам дека амандманот со што се предлага основачите на политичките партии, односно членовите да можат својот потпис да го депонираат пред нотар, таму каде што живеат тие, а не каде е седиштето на политичката партија, на основачот, мислам дека тој амандман претставникот на Владата, министерот за правда треба да го прифати. Со една таква корекција ќе имаме сега релативно многу подобри решенија во споредба со промените што ги нарпавивме неодамна.

На крајот останувам со својот став, со ствот дека не треба да се менуваат или заостruваат условите за политичко организирање и дејствување во Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за политичките партии.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да се подготват за пребројување на пратениците.

Ги молам сите пратеници кои се во Собранието а не се влезени во салата, да повелат да влезат во салата зошто ќе треба да гласаме.

Ги молам служибте да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници во салата, а после тоа влегуваат и други пратеници)

Ги молам повторно пратениците да влезат во салата за да можеме да гласаме.

Објавувам преки на седницата заради ручек.

(Пратениците бараат седницата да продолжи бидејќи има можности да се соберат пратениците)

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи во салата се присутни 61 пратеник, ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници. Сите 62 гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Предлагам, ако се согласуваме да работиме уште многу кратко време да ја завршиме оваа точка пред ручекот и потоа за исто толку време ќе го продолжиме прекинот за ручек.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници. Сите 60 гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 2, член 3 за додавање два нови ставови 2 и 3 и за бришење на став 5 и за додавање нов член 3-а по членот 3, со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот од Предлогот на законот.

Пратениците Кехан Хасипи и Хади Незири поднесоа амандмани за додавање нов член 1 пред членот 1 и на член 1 за менување на став 2, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1 пред членот 1, поднесен од пратениците Кенан Хасипи и Хади Незири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Михајло Маневски:** Амандманот не се прифаќа, заради тоа што со амандманот се предлага да се зголеми бројот од 1000 на 3000. Ние доста разговаравме кога го донесувавме законот заради тоа што бројот на зголемувањето на членовите од 500 да се зголеми двојно на 1000 и сепак треба да водиме сметка за остварување на правата на граѓаните за членување во политички партии и со ваков голем број не е пропорционален.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Има збор господинот Кенан Хасипи.

**Кенан Хасипи:** Сосема кратко господине претседателе. Намерата ни беше да се окрупни македонскиот политички простор, бидејќи со последните измени во законот се увиде дека бројот на политичките партии кои што опстојуваат на македонскиот политички простор битно не се намали и сеуште има голем број на партии кои само фигурираат во македонскиот политички

простор, но не играат некоја битна улога на македонската политичка сцена.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 16 гласале за, воздржано 1, против 43.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 1 пред членот 1, поднесен од пратениците Кенан Хасипи и Хади Незири.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за менување на став 2, поднесен од пратениците Кенан Хасипи и Хади Незири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Михајло Маневски:** Владата не го прифаќа амандманот, бидејќи со предложениот закон двојно е зголемено времето за собирање на потписи за основање на политичка партија.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор Кенан Хасипи.

**Кенан Хасипи:** Благодарам господине претседателе. Целта на амандманот е да им се овозможи на политичките партии подолг период за да можат да прибираат потписи и се предлага тој период да трае од последната регистрација на политичката партија до наредната регистрација на политичката партија. Инаку, лично сметам дека доколку некој покрене повторно иницијатива преку Уставниот суд рокот од 90 дена Уставниот суд ќе го прогласи повторно за краток.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, за гласале 11, воздржани нема, против 47.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата, ќе пристапиме кон гласање.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, за гласале 60, воздржани нема, против 2.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за политичките партии.

(Седницата прекина во 15,10 часот)